МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 9 став (2) од Законот за земјоделски задруги („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на земјоделски задруги.

Регистарот на земјоделски задруги од став 1 на овој член се води во електронска форма.

## Член 2

Регистарот на земјоделски задруги содржи податоци за:

- назив на земјоделската задруга;

- седиште на земјоделската задруга;

- единствен даночен број на земјоделската задруга;

- број на решение за упис во Централен регистар на Република Македонија;

- земјоделските стопанства - членови на земјоделската задруга;

- носителите на земјоделските стопанства - членови на земјоделската задруга;

- производствени капацитети на земјоделски стопанства - членови на земјоделската задруга или производствени капацитети на земјоделската задруга;

- катастарските парцели на кои се одвива земјоделското производство на земјоделската задруга и катастарските култури;

- земјоделска механизација и опрема со која располагаат земјоделските стопанства - членови на земјоделската задруга или земјоделската задруга;

- обемот на земјоделската задруга;

- дејноста на земјоделската задруга;

- име и презиме на управителот на земјоделската задруга и

- други податоци предвидени со барањето за упис во регистарот на земјоделските задруги.

Формата и содржината на регистерот од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник Република Македонија".

Бр. 16-15229/1
14 јуни 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

| РЕГИСТЕР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на земјоделската задруга | | |
| 2. Седиште на земјоделската задруга | | |
| 3. Единствен даночен број на земјоделската задруга | | |
| 4. Број на решение за упис во Централен регистар на Република Македонија | | |
| 5. Земјоделски стопанства-членови на земјоделската задруга | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| 6. Носителите на земјоделските стопанства-членови на земјоделската задруга | име на земјоделско стопанство | име и презиме на носителот |
| | | |
| | | |
| | | |
| 7. Производствени капацитети на земјоделското стопанства - членови на земјоделската задруга или производствените капацитети на земјоделската задруга | | |
| | | |
| | | |
| 8. Катастарски парцели на кои се одвива земјоделското производство на земјоделската задруга и катастарските култури | катастарска парцела | катастарска култура |
| | | |
| | | |
| 9. Земјоделска механизација и опрема со која располагаат земјоделските стопанства-членови на земјоделската задруга или земјоделската задруга | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| 10. Обем на земјоделската задруга | | |
| 11. Дејност на земјоделската задруга | | |
| 12. Име и презиме на управителот на земјоделската задруга | | |
| 13. Други податоци предвидени со барањето за упис во Регистерот на земјоделски задруги | | |